**Одлука бр.29**

Управниот одбор на Тениска Федерација на Северна Македонија на своја редовна седница одржана на ден 19.12.2022 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

**за распишување оглас и критериуми за избор на Спортски директор**
**кој ќе биде вработен во Тениска Федерација на Северна Македонија**

**Член 1**

Управниот Одбор на Тениска Федерација на Северна Македонија (ТФСМ) донесува одлука за отворање на работно место Спортски директор согласно новата Организациона шема на ТФСМ.
Во месец декември 2022 треба да биде распишан оглас за наведеното работно место.

**Член 2**

Критериумите по кои ќе се бира Спортскиот директор се:

1. Високо образование во областа на Физичкото образование или спортот.
2. Ниво на тренерска едукација согласно системот на Едукација на Интернационалната Тениска Федерација (ИТФ) и Тениската Федерација на Северна Македонија (ТФСМ), минимум ниво 2.
3. Искуство во работа во тениска федерација или работа во Меѓународни тениски федерации каде ТФСМ членува.
4. Познавање на англиски јазик кои може да го потврди во неговата претходна комуникација.
5. Искуство во работа со напредни тенисери и искуство во едукација на тренери.
6. Познавање за развојот на тенисери.
7. Лидерски способности и креирање позитивна атмосфера и тимски дух.
8. Потврда дека не му е изречена казна за вршење на дејност (централен регистар), не постара од 30 дена.

**Член 3**

Обврските на Спортскиот директор се:

- Активна вклученост во работа со комитетите на ТФСМ: Развој, Тренерски, Јуниорски, Машки Комитет и Женски Комитет (Fed и Davis Cup);
- Водење на процесот на изготвување на годишните планови и програми, календар на настани и задачи како и помош при изготвувањето, одобрување и спроведување на истите за комитетите: Развој, Тренерски, Јуниорски, Машки Комитет и Женски Комитет (Fed и Davis Cup);
- Прием и проверка на извештаји од секој проект како и годишните извештаји од комитетите за: Развој, Тренерски, Јуниорски, Машки Комитет и Женски Комитет (Fed и Davis Cup) и доставување до УО;
- Организација на главните настани составен дел од програмата на ТФСМ (Професионални турнири, едукативни настани, развојни настани);
- Тековна кореспоненција со меѓународните федерации (ITF, Tennis Europe, ATP, WTA, ITF Academy) како и кореспонденција со националните федерации;
- Изготвување на годишна програма и извештај на ТФСМ;
- По барање на УО изготвување на дополнителни извештаи;
- Писмена кореспонденција помеѓу Спортскиот директор, Управниот одбор, комитетите и клубовите, и тековно доставување на истата до ТФСМ.

**Член 4**

Оваа одлука стапува на сила на денот на нејзиното донесување.

Тениска Федерација на Северна Македонија
Претседател на Управниот Одбор
Александар Ивановски

Скопје, 19.12.2022 година